**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 14.05.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2407 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 14 мај 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на регионално ниво, со исклучок на регионот Д7, треба да биде најмалку 10 (десет), од кои 5 (пет) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари"*.

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје <u>ги исполнува минималните кадровски услови</u> утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   <u>**Образложение:**</u> При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје во 2017 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2017 година, вкупниот број на вработени во телевизијата изнесувал осум лица, од кои ниту едно лице не било ангажирано како новинар со висока стручна. Поради тоа, на 26.04.2018 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2143/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   На 04.05.2018 година, ТРД ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје достави до Агенцијата пет договори склучени помеѓу радиодифузерот и пет физички лица со висока стручна спрема, за нивно ангажирање како новинари, а на 14.05.2018 година достави Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, заклучно со 14.05.2018 година, издаден од Агенцијата за вработување на Република Македонија. Од доставената документација е видно дека во телевизијата се вработени вкупно 13 лица, од кои пет со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***